# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РУДНИК САСА ДОО

Рудник САСА ДОО е организација која се занимава со производство и преработка на олово цинкова руда и продажба на олово – цинков концентрат.

Во Рудник САСА ДОО е усвоена политика која се заснова на:

- Задоволување на барањата и исполнување на очекувањата на корисникот
- Задоволување на највисоките стандарди кои се донесени за нашиот производ
- Благовремено и адекватно планирање на сите активности
- Обезбедување и задржување на постојано присуство меѓу водечките на пазарот во областа на рударството
- Создавање на долготрајни и партнерски односи со нашите добавувачи
- Поддржување и стимулирање на креативноста на вработените, нивната иницијатива и одговорност за квалитет.
- Идентификување на сите аспекти кои можат да имаат влијание на животната средина со цел спречување на нивното загадување.
- Изведување на своите активности во склоп со важечките закони и прописи за заштита на животната средина
- Дефинирање и спроведување на активности кои не се законски барања, а со цел подобрување на системот за управување со животна средина
- Превентивно делување со цел спречување на загадувањето и унапредувањето на системот за заштита на животната средина
- Штедење ресурси и енергија, намалување или елиминација на употребата на штетните материи и контролирано постапување со општиот и опасниот отпад
- Разгледување на мислењата, забелешките и сугестиите на сите заинтересирани страни и нивно информирање за своите планови за заштита на животната средина.

Наведените цели Рудник САСА ДОО ги исполнува доследно преку примената на Интегрираниот систем за управување со квалитет и животна средина според стандардите ISO 9001:2008 и ISO 14001:2004.

Сите вработени во Рудник САСА ДОО даваат личен допринос за спроведување на политиката преку настојување да секоја работа ја изведе квалитетно и навремено и на тој начин континуирано ја подобри целокупната работа на организацијата.

Генерален Директор
Александар Крихтин

Рудник САСА Македонска Каменица